**Влада на Република Северна Македонија**

З А П И С Н И К
од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2021 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (вкв), Муамет

Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија (вкв), м-р Горан Сугарески, директор на Царинската управа (вкв), Анета Симеска-Димоска, в.д. директор на Државен пазарен инспекторат (вкв), Драган Антоновски, директор на АД „Медиумска информативна агенција" – Скопје во државна сопственост (МИА) (вкв) и Томе Христовски, градоначалник на Општина Крушево (вкв).

Од седницата отсуствуваше м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 75-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јуни 2021 година**
- **Усвојување на Записникот од 76-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2021 година**

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  -Агенда Европа дома

- Статус на реализација на Рамковниот договор
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. – 30.6.2021 година

1. Записник од Четириесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 7 јуни 2021 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 7 јуни 2021 година и Предлог на протокол за активности во установите за згрижување и воспитание на деца

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје

3. Информација со барање за преземање итни мерки за обезбедување еднократна неповратна финансиска подршка во износ од 150.000.000,00 денари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. – Скопје

4. Предлог-одлука на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за давање согласност за отпочнување на постапка за физичка делба пред надлежните државни органи, на недвижен имот (објект), запишан во Имотен лист бр. 43849 за КО Центар1, лоциран на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 67 во Скопје, во вкупна површина од 91м2, во кој е запишана сосопственоста на Пошта со 4/11 (33м2) и Телеком од 7/11 (58м2)

5. Извештај за работењето на АД „МИА“- Скопје за 2020 година, Годишен финансиски извештај за 2020 година, Годишна сметка за 2020 година, Ревизорски извештај за 2020 година, Извештај од извршена контрола од Надзорниот одбор, со предлог-одлуки

6. Годишна сметка, Финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за 2020 година, со Извештај на независните ревизори и предлог-одлуки

7. Информација за потребата од дополнителни средства во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија во 2021 година и буџетот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за 2021 година

8. Предлог-одлука за давање согласност на Националната програма за безбедност

9. Предлог-одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој

10. Информација за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“

11. Информација за воведување на посебна кредитна линија за поддршка на медиумите

12. Барање за предавање на објект кој е во сопственост на Република Северна Македонија со запишано корисничко право на Дирекцијата за заштита и спасување за недвижност запишана во Имотен лист број 9491 за КО Крива Паланка на КП број 1974, број на зграда 1, кат ПО влез 3 со површина од 254 м2

13. Информација за потпишување на Договор помеѓу Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за млади и спорт на Украина за соработка во областа на младите, во областа на физичката култура и спортот, со усогласен текст на Договор

14. Информација за состојбата на деловниот простор со кој располага и стопанисува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

15. Извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2020 година

16. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 15439 КО Кочани)

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија (*)

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри

20. Информација за учеството на Република Северна Македонија во отпишување на долгот на Република Судан кон Меѓународниот монетарен фонд

21. Информација за склучување на Договор за издавање на гаранции од Гарантен фонд организиран од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје

22. Информација за склучување на Договор за администрирање на Фонд за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста- КОВИД 4, со Предлог - одлука за распределба на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста - КОВИД 4

23. Информација за изменување на Законот за банките во врска со Заклучокот по точка 72 од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 25.5.2021 година

24. Информација во врска со барањето на концесионерот Биор Енерги ДОО Тетово, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс на Договор

25. Информација во врска со барањето на Концесионерот Сателит Енерџи ДООЕЛ Куманово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Мраморечка со реф.бр. 394 и МХЕЦ Острилска со реф. бр. 253

26. Информација во врска со барањето на Концесионерот Хидро Електрик Пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево

27. Информација за реализиран надзор од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на законодавството од областа на животната средина во 2020 година во општините со прилог Упатство за предлог систематизација на работни места со покривање на сите надлежности од областа на животната средина

28. Информација за користење на буџетски средства од ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства од подпрограма 6 - водостопанство за експропријација на земјоделско земјиште или земјиште под шуми и негова пренамена во градежно земјиште во текот на градбата на брана Речани, брана Конско и ХС Равен – Речица и за сите останати инвестициони активности во водостопанството каде ќе се јави потреба за експропријација и сеча на шума

29. Информација со Тарифник за вредност на работите од урбанистичкото планирање, со предлог-одлуки

30. Предлог-одлука за Дваесетта емисија на обврзници за денационализација

31. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (прераспределбата на средства во износ од 615.000.000 денари, со цел обезбедување на средства за реализација на бескаматната кредитна линија за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста со можност за гранд компонента - КОВИД 4)

32. Предлог-одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

33. Предлог-стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025), со Акциски план

34. Информација за состојбата на дигиталната трансформација во контекст на електронските услуги, клучни институции, пречки и следни чекори за дигитализација

35. Информација за апликацијата до WBIF за техничка помош за подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ)

36. Информација за земја домаќин на НАТО силите за одговор

37. Информација за учеството на Република Северна Македонија во НАТО процесот на одбранбено планирање

38. Информација за статус на имплементација на препораките од Европската служба за надворешно дејствување во однос на одговорите на ЕУ Прегледот за хибридни закани и ризици за Република Северна Македонија

39. Информација за потребата од воспоставување на меѓувладина Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на српското и црногорското национално малцинство во Република Македонија

40. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (21-1315/1)

41. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (21-1316/1)

42. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (21-1317/1)

43. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (21-1318/1)

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Куманово (товарно моторно возило)

45. Предлог-одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје во студиската учебна година 2021/2022, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

46. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „MILEX 21“, на територијата на Република Грција, со Предлог – одлука

47. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (моторни возила)

48. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1748 на Советот од 20 ноември 2020 година за изменување на Предлог-одлука (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

49. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1650 на Советот од 6 ноември 2020 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија

50. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 на Советот од 7 декември 2020 година за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

51. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/276 на Советот од 22 февруари 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела

52. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1482 на Советот од 14 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје

53. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Јапонија со седиште во Токио

54. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Јапонија со седиште во Токио

55. Информација за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство, со Предлог – одлука

56. Информација за финансиската состојба и финансиските обврски на Националната установа Театар Комедија – Скопје

57. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Национална установа „Национална опера и балет“ заради исплата на долг по судска постапка

58. Информација за регулирање на соработката меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Македонскиот културен центар во Њујорк, САД со Предлог - договор за соработка меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Македонскиот културен центар во Њујорк, САД

59. Информација за доставување на Проект (Елаборат) за основање на нова единица - Факултет за правни науки при Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (машини за обработка на дрво)

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (машини за обработка на дрво)

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (машини за обработка на дрво)

63. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје

64. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид

65. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје

66. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје

67. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп

68. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

69. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип

70. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (режиски трошоци)

71. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (режиски трошоци)

72. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци)

73. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци)

74. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар

75. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје

76. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

78. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

79. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово

80. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци

81. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка

82. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“ Охрид

83. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

84. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга

85. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученички дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе (режиски трошоци)

86. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (режиски трошоци)

87. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски“ Скопје (режиски трошоци)

88. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (режиски трошоци)

89. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (режиски трошоци)

90. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово (режиски трошоци)

91. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод (режиски трошоци)

92. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци (режиски трошоци)

93. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка (режиски трошоци)

94. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци)

95. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДСУОР „Искра“ Штип (режиски трошоци)

96. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци)

97. Предлог на закон за дополнување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници

98. Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

99. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

100. Извештај за работа на ректорот и на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид за периодот 1.1.2020 година до 31.12.2020 година

101. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 57 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), поднесена преку адвокат Роберт Бачовски Синколи

102. Иницијатива поднесена од Универзитет во Тетово, Правен факултет, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.65/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 58 ставовите 1 и 2 и член 62 ставовите 4 и 5 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/18)

103. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.26/2021 за поведување на постапка за оценување на одредби од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021)

104. Иницијатива поднесена од Национален блок „Не отварам врата“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 став 1, член 34 став 1 и членот 51 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021)

105. Иницијатива од политичката партија „Левица“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.47/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.305/20)

106. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.263/2020 од 10 февруари 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 5 ставовите 3 и 4 од Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, број 02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/2020)

107. Понуда од нотар Армир Садики од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.524 за КО Желино на КП бр.1235

108. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.878 за КО Сопотско на КП бр.1367

109. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1140 за К.О. Ресен на КП бр.3682

110. Понуда од нотар Марјан Коцевски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.17281 за КО Куманово на КП бр. 20692

111. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на сосопственички дел од недвижен имот – земјиште со Имотен лист бр.36989, на КП бр.18017/3, КО Прилеп, Имотен лист бр.36990 на КП бр.18017/1, КО Прилеп и Имотен лист бр.34174 на КП бр.18017/1, КО Прилеп

112. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 1500/2700 идеален дел од КП бр.8124, место викано Пребег, во Имотен лист бр.18644, за КО Штип – 5

113. Понуда од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.18803 за КО Центар 2 на КП бр. 2259, викано место/улица Рилски Конгрес

114. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска

115. Понуда од нотар Нита Џафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102293 за КО Тетово -1 и Имотен лист бр.101648 за КО Тетово-1 на КП бр. 2991 викано место/улица ЈНА 124

116. Известување од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.491/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во ИЛ бр.144, КП бр.46/2 и КП бр.47/2 за КО Суви Дол

117. Повик за свикување на Годишно собрание на Македонски Телеком АД – Скопје

118. Кадровски прашања

119. Прашања и предлози

120. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари – март 2021 година

121. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јануари-март 2021 година

122. Годишен извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, за периодот од 1 јануари 2020 до 31 декември 2020 година

123. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Владино планирање Ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите“ во функција на надминување на утврдените состојби

124. Информација за статусот на поврзување со Централниот регистар на население

125. Информација за подготвен Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 12-263/1 од 12.02.2018 година за извршена ревизија на успешност на тема „Квалитет на воздух – кооперативна ревизија

126. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за април 2021 година

127. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2020 година

128. Информација за статусот на учеството на Република Северна Македонија во програмите и агенциите на Унијата и искористеност на средства во 2020 година

129. Предлог на протокол за активности во установите за згрижување и воспитание на деца

130. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции

131. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 16.6.2021 година

132. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

133. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

134. Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка

135. Извештај за извршени преговори со усогласен такст на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

136. Извештај со детални разработени информации околу наведените нафтени деривати увезени од 2018 година до 2021 година

137. Информација за преземени активности од страна на надлежните институции во врска со заклучоците од 71 и 75 седница на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со наводите објавени во јавноста од страна на Истражувачката репортерска лабараторија - ИРЛ за постоење на сомневање дека во одреден период во Република Северна Македонија биле увезувани токсични нафтени деривати

138. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност

139. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот завод за статистика

140. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта

141. Информација за проектот на Министерството за надворешни работи за истакнати припадници на дијаспората, МКарта

142. Информација за меѓуресорска поделба на трошоците за одржување на меѓународната конференција Преспа Форум за дијалог, Охрид и Преспа/Отешево, 1-2 јули 2021 година

143. Барање на Андреас Трајковски Соренсен за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

144. Барање согласност за префрлање на вишок средства од сметката за Наменски дотации на основниот буџет на Општина Битола за 2021 година (21.000.000,00 денари за финансирање на тековно - оперативни трошоци во Програмата Н1 - Основно образование), со Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот буџет на Општина Битола за 2021 година, донесена од Советот на Општина Битола

145. Информација за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на: Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна; Останати услуги за подготвување и служење на храна; Подготовка и послужување на пијалаци, со Предлог-одлука

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 75-та седница, одржана на 1 јуни 2021 година и Записникот од 76-та седница, одржана на 3 јуни 2021 година.

*

* *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Агенда Европа дома**

Владата се информираше со статусот на активностите содржани во материјалот Агенда Европа дома (статус 8.6.2021 година).

Воедно, Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања ги информираше членовите на Владата за содржината на Извештајот од одржаните институционални средби за овој материјал.

По овој повод Владата заклучи:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги промени роковите во матрицата за следење на Агенда Европа дома согласно новите рокови усогласени со ресорните институции.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да организира дополнителни состаноци со ресорните институции за мерките за кои е утврдена потреба од понатамошна координација.

Истовремено, Владата се информираше дека на наредната седница, Секретаријатот за европски прашања ќе достави збирен извештај од одржаните

институционални средби за овој материјал до Владата и до претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби ги информираше членовите на Владата за процесот на распределба административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку Програмата за соодветна и правична застапеност, Програма К-5.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1. – 30.6.2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно дописот на Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии, да се измени и тоа:

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта, Предлогот на закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните и Предлогот на закон за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, да се доставаат во декември 2021 година;

- Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за „Проект за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција", кој ќе се склучи меѓу Европска инвестициона банка и АД МЕР – наместо предвидениот рок јуни 2021 година, да биде ноември 2021 година;

- Предлогот на закон за платежни услуги и платни системи – наместо предвидениот рок мај 2021 година, да биде август 2021 година;
- Предлогот на закон за ревизија – наместо предвидениот рок јуни 2021 година, да биде октомври 2021 година.

Согласно овој заклучок соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година (шеста измена), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од Законодавната агенда.

Истовремено, Владата заклучи дека е потребно за сите барања за измени на Законодавната агенда навремено да се информира и Секретаријатот за европски прашања.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата ги разгледа Записникот од Четириесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 7 јуни 2021 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 7 јуни 2021 година и Предлог на протокол за активности во установите за згрижување и воспитание на деца и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 7 јуни 2021 година.

2. Го усвои Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца, подготвен по предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со кој во период на користење на годишни одмори (јуни-август) на вработените во установите за згрижување и воспитание на деца, да се дозволи спојување на деца од различни воспитни групи и тоа групи до две годишна возраст и групи од две до десет годишна возраст, но бројот на деца во група не смее да биде поголем од 15 деца (во групи до две годишна возраст) и 20 деца (во групи од две до десет годишна возраст).

Притоа, воспитувачот кој во својата група ќе преземе деца од друга воспитна група истите ги евидентира на дневна основа и списокот го прикачува во дневниот оперативен план.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да подготви и до Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19 да достави

Предлог-протокол за домови за згрижување на стари лица, согласно предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се дозволи служење пијалаци во внатрешноста на казината и автомат клубовите, со задолжително почитување на мерките од Протоколот за отворање и работа на приредувачите на игри на среќа во казино и Протоколот за отворање и работа на приредувачите на игри на среќа во автомат клуб, кои се составен дел од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата со барање за преземање итни мерки за обезбедување еднократна неповратна финансиска подршка во износ од 150.000.000,00 денари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. – Скопје, ја усвои Информацијата и заклучи да обезбеди еднократна неповратна финансиска подршка во износ од 100.000.000,00 денари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. – Скопје, кои се предвидени во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, кој е утврден на оваа седница на Владата.

## Точка 4

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за давање согласност за отпочнување на постапка за физичка делба пред надлежните државни органи, на недвижен имот (објект), запишан во Имотен лист бр. 43849 за КО Центар1, лоциран на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 67 во Скопје, во вкупна површина од 91м2, во кој е запишана сосопственоста на Пошта со 4/11 (33м2) и Телеком од 7/11 (58м2), имајќи ги предвид укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Извештајот за работењето на АД „МИА"- Скопје за 2020 година, Годишниот финансиски извештај за 2020 година, Годишната сметка за 2020 година, Ревизорскиот извештај за 2020 година, Извештајот од извршена контрола од Надзорниот одбор, со предлог-одлуки, поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за финансии, во делот на распределба на добивката.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 6**

Владата по Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино за 2020 година, со Извештај на независните ревизори и предлог-одлуки ги донесе новите текстотви на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година, во предложениот текст;

2. Одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст;

3. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Јордан Шијаков, член на Надзорен одбор, во предложениот текст;

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Андријан Ташковски, член на Надзорен одбор, во предложениот текст;

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година -Трајче Крстевски, член на Надзорен одбор, во предложениот текст;

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во

државна сопственост, Неготино за 2020 година-Елена Данева, член на Надзорен одбор, во предложениот текст;

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Никола Ангеловски, член на Управен одбор, во предложениот текст;

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Јане Стоименов, член на Управен одбор, во предложениот текст,

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Игор Бојаџиев, член на Управен одбор, во предложениот текст;

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Билјана Петроска Мантева, член на Управен одбор, во предложениот текст и

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2020 година-Небојша Стојановиќ, член на Управен одбор, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Министерството за финансии со укажување надлежните органи на Друштвото да ја информираат Владата за активностите кои се преземаат со цел постапување по дадената забелешка на независниот ревизор.

<u>Точка 7</u>

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од дополнителни средства во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија во 2021 година и буџетот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за 2021 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и Министерството за економија да се усогласат со Министерството за финансии за обезбедување на потребните средства со прераспределба во рамки на одобрениот буџет на Министерството за економија за 2021 година или со прераспределба на средства помеѓу мерките во Програмата за

поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2021 година.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Националната програма за безбедност, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“, ја усвои Информацијата и ја поддржува реализацијата на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“ (од извори на Бушава Планина, КО Сланско, Општина Македонски Брод), за кој се доделени средства во висина од 9.000.000, денари со Ребалансот на Буџетот за 2020 година, поради континуирано обезбедување на потребни количини на вода за водоснабдување на град Крушево, остварување на јавен интерес и поддршка во развојот на градот Крушево како туристичка дестинација во Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да ја информира Владата за исходот од состанокот со Општина Македонски Брод, кој ќе се одржи во текот на наредната недела.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на посебна кредитна линија за поддршка на медиумите и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, во име на Владата на Република Северна Македонија, да потпише Анекс на Договорот за администрирање на Посебен кредитен фонд кој ќе ги одразува елементите и критериумите на кредитната линија во оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, да ги преземат неопходните чекори за операционализација на оваа кредитна линија.

## Точка 12

Владата го разгледа Барањето за предавање на објект кој е во сопственост на Република Северна Македонија со запишано корисничко право на Дирекцијата за заштита и спасување за недвижност запишана во Имотен лист број 9491 за КО Крива Паланка на КП број 1974, број на зграда 1, кат ПО влез 3 со површина од 254 м2 и заклучи да не го прифати истото.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договор помеѓу Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за млади и спорт на Украина за соработка во областа на младите, во областа на физичката култура и спортот, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да го вклучи Наумче Мојсовски, директор на Агенцијата за млади и спорт, заедно со уште еден претставник од Агенцијата, во делегацијата која во јуни 2021 година ќе учествува во рамки на одржувањето на Третата седница на Македонско-украинската комисија за следење на Договорот помеѓу македонската Влада и украинската Влада за трговска и економска соработка во Киев, Украина.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за млади и спорт на Украина за соработка во областа на младите, во областа на физичката култура и спортот.

3. Се овластува Наумче Мојсовски, директор на Агенцијата за млади и спорт да го потпише Договорот помеѓу Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија и Министерството за млади и спорт на Украина за соработка во областа на младите, во областа на физичката култура и спортот.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на деловниот простор со кој располага и стопанисува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од осум дена да поднесе барање до Бирото за судски вештачења за процена на пазарната вредност на деловните простори наведени во Информацијата.

2. Се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од седум дена по добивањето на проценката од Бирото за судски вештачења за пазарната вредност на деловните простори наведени во

Информацијата, до Владата да достави Предлог-одлука за продажба на деловните простори.

**Точка 15**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2020 година.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 15439 КО Кочани), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ - Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Илир Шабани, раководител на сектор во Министерството за економија.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија да достави кореспондентни табели и Изјава за усогласување на прописот со законодавството на Европската Унија, со Кореспондентна табела, усогласени со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусеин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, Миле Стојановски, државен советник во Министерство за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерство за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, средствата за покривање на фискалните импликации да се обезбедат во рамки на одобрените буџети на надлежните институции.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во отпишување на долгот на Република Судан кон Меѓународниот монетарен фонд и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии веднаш да ја извести Народната банка на Република Северна Македонија дека Владата на Република Северна Македонија дава согласност Република Северна Македонија да учествува во отпишувањето на долгот на Република Судан кон Меѓународниот монетарен фонд, со средства во вкупен износ од 0,1 милиони СПВ, односно 0,05 милиони СПВ од сметката Special Contingency Account (SCA-1) и 0,05 милиони СПВ од сметката Deferred Charges Refunds Account (DCRA), а останатите средства на овие сметки да бидат префрлени кон главната СПВ сметка на Република Северна Македонија во Меѓународниот монетарен фонд.

2. Се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија, по добивање на известувањето од Министерството за финансии, а најдоцна до 14.6.2021 година, писмено да го извести Меѓународниот монетарен фонд за согласноста на Владата на Република Северна Македонија, наведена во Заклучокот бр.1.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за издавање на гаранции од Гарантен фонд организиран од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Го овласти д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во името на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за издавање на гаранции од Гарантен фонд организиран од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за администрирање на Фонд за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста- КОВИД 4, со Предлог -одлука за распределба на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста - КОВИД 4 и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за финансии д-р Фатмир Бесими во името на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за администрирање на Фонд за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста- КОВИД 4 со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста - КОВИД 4, во предложениот текст.

3. Се задолжува Развојната банка на Република Северна Македонија АД Скопје во рок од три дена од денот на потпишување на Договорот за администрирање на Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста- КОВИД 4, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да отвори сметка во Народната банка на Република Северна Македонија на име Фонд за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста – КОВИД 4 на која ќе се пренесат средствата обезбедени со Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста - КОВИД 4.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Законот за банките во врска со Заклучокот по точка 72 од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 25.5.2021 година, ја усвои и заклучи, Заклучокот по точка 72 од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25.5.2021 година да се избрише.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Биор Енерги ДОО Тетово, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1 и МХЕЦ Речица 2, со текст на Анекс на Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2 со бр. 11-2171/1 од 27.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.3.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Биор Енерги Груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 3.5.2022 година.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Сателит Енерџи ДООЕЛ Куманово за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Мраморечка со реф.бр. 394 и МХЕЦ Острилска со реф. бр. 253 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мраморечка со реф. бр. 394, заведен под бр. 11-2779/1 од 27.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 10.7.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Сателит Енерџи ДООЕЛ Куманово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за МХЕЦ Мраморечка со реф.бр.394 најмалку до 8.9.2023 година.

3. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Острилска со реф. бр. 253, заведен под бр.11-2778/1 од 27.4.2018 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 20.9.2021 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Сателит Енерџи ДООЕЛ Куманово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за МХЕЦ Острилска со реф.бр.253 најмалку до 19.11.2021 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидро Електрик Пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево бр. 11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 31.12.2021 година.

2. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро Електрик Пауер ДООЕЛ Ново Село да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 1.3.2022 година.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за реализиран надзор од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на законодавството од областа на животната средина во 2020 година во општините со прилог Упатство за предлог систематизација на работни места со покривање на сите надлежности од областа на животната средина и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на општините Боговиње, Желино, Вевчани, Брвеница, Зелениково, Карбинци, Кривогаштани, Могила, Новаци, Ново Село, Прилеп, Теарце, Чучер Сандево, Чешиново и Облешево, Врапчиште и Берово во рок од шест месеци да го известат Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности за животна средина дадени во извештаите од извршен надзор за 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави и презентира Упатството за предлог систематизација на работни места од надлежност на заштита на животната средина на сите општини и да им даде стручна помош во однос на подготовка на систематизација на работни места од областа на животната средина со целосни надлежности од оваа област до крајот на 2021 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за користење на буџетски средства од ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства од подпрограма 6 - водостопанство за експропријација на земјоделско земјиште или земјиште под шуми и негова пренамена во градежно земјиште во текот на градбата на брана Речани, брана Конско и ХС Равен – Речица и за сите останати инвестициони активности во водостопанството каде ќе се јави потреба за експропријација и сеча на шума и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од буџетската подпрограма 6 – водостопанство, ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства да врши исплата на буџетски средства за експропријација на земјиште согласно склучени спогодби за експропријација и за надоместоци за пренамена на земјиште согласно склучени договори за надомест на штета во текот на градбата на брана Речани, брана Конско и ХС Равен – Речица и за сите останати инвестициони активности во водостопанството каде ќе се јави потреба за експропријација и пренамена на земјиште.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Тарифник за вредност на работите од урбанистичкото планирање, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за вредноста на работите од урбанистичко планирање, во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Тарифникот за вредност на работите од урбанистичкото планирање (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за Дваесетта емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (прераспределбата на средства во износ од 615.000.000 денари, со цел обезбедување на средства за реализација на бескаматната кредитна линија за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста со можност за гранд компонента - КОВИД 4), во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025), со Акциски план, ја усвои Стратегијата и го прифати Акцискиот план на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025).

## Точка 34

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за состојбата на дигиталната трансформација во контекст на електронските услуги, клучни институции, пречки и следни чекори за дигитализација и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за финансии – Управата за јавни приходи и Министерството за правда – Управата за водење на матичните книги и им се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 2 недели да назначат едно лице на раководна позиција и негов заменик задолжени за Офицери за дигитализација на институцијата, со обврска да го координираат и да доставуваат известувања за статусот и процесот на дигитализација во институцијата.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 4 недели да спроведе online обука/ работилница со Офицерите за дигитализација и нивните заменици.

3. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање,

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за финансии – Управата за јавни приходи и Министерството за правда – Управата за водење на матичните книги и им се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 6 недели да изработат сопствена Проценка на нивото на дигитализација.

4. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за финансии – Управата за јавни приходи и Министерството за правда – Управата за водење на матичните книги и им се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 9 недели да изработат и до Министерството за информатичко општество и администрација да достават Предлог - план за дигитализација на институцијата, во однос на : ИТ инфраструктурата, потреба од човечки и финансиски ресурси.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 12 недели до Владата на Република Северна Македонија да достави сумарен извештај за плановите за дигитализација (инфраструктура, човечки и финансиски ресурси).

## <u>Точка 35</u>

Владата ја разгледа Информацијата за апликацијата до WBIF за техничка помош за подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ) и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија“, Националната канцеларија за Бродбенд компетентност и

Агенцијата за електронски комуникации, да ја информира Светска банка за усвоените заклучоци во рок од 30 дена од нивното усвојување и да се продолжи соработката во насока на започнување со реализација на Проектот, а особено на подготовката на Студијата за изводливост за изградба и развој на Националната транспортна оптичка мрежа, со анализа на трошоци; ПД (Preliminary design) на Националната транспортна оптичка мрежа и ЕСИА (Environmental and social impact assessment), при тоа имајќи ги предвид реализираните активности на Националната канцеларија за Бродбенд компетентност, Агенцијата за електронски комуникации и Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија" за имплементацијата на Проектот.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија", Националната канцеларија за Бродбенд компетентност и Агенцијата за електронски комуникации, до крајот на декември 2021 година, да подготви и достави информација до Владата за реализацијата на Проектот, а особено за процесот на подготовка на Студијата за изводливост за изградба и развој на Националната транспортна оптичка мрежа, со анализа на трошоци; ПД (Preliminary design) на Националната транспортна оптичка мрежа и ЕСИА (Environmental and social impact assessment).

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за земја домаќин на НАТО силите за одговор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Текстот на Информацијата да се дополни во насока дека Република Северна Македонија се кандидира да биде земја домаќин/центар на НАТО силите за брз одговор од 2024 година натаму.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе сите мерки и активности потребни за успешно заокружување на процесот за номинирање на одбранбените капацитети на Република Северна Македонија за поддршка како земја домаќин на НАТО силите за одговор и тоа:

- да изработи презентација за капацитетите на Армискиот полигон Криволак, до 31 август 2021 година,

- со НАТО да склучи Договор на земја домаќин, до 30 септември 2021 година,

- во соработка со Врховниот штаб на сојузничките сили за Европа во Монс, Белгија, да изврши координација за соодветноста на капацитетите и условите кои ги нуди Армискиот полигон Криволак, како и следните чекори поврзани со процесот за номинирање на одбранбените капацитети на Република Северна Македонија за поддршка како земја домаќин на НАТО силите за одговор, до 31 октомври 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата на Република Северна Македонија за наведената активност, по завршување на процесот за дефинирање на потребните елементите како земја домаќин на НАТО силите за одговор, а најдоцна до 30 ноември 2021 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во НАТО процесот на одбранбено планирање и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ја интензивира соработката со Европската Унија во делот на одбраната и да иницира соработка со Европската одбранбена Агенција (European Defence Agency – EDA) во насока на ефикасно искористување на расположливите национални ресурси, постоечките НАТО-ЕУ механизми и одбегнување на дуплирање на напорите во процесот на развој на одбранбените капацитети и способности.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ги следи сите обврски за Република Северна Македонија, да ги информира сите вклучени институции (согласно Точка 12 од Записникот од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 март 2020 година), за следните чекори и да го координира целокупниот процес.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата за постигнатиот напредок во однос на имплементацијата на преземените обврски во рамки на НАТО Процесот на одбранбено планирање, најдоцна до 15 јануари 2022 година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на имплементација на препораките од Европската служба за надворешно дејствување во однос на одговорите на ЕУ Прегледот за хибридни закани и ризици за Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана да ја достави до Владата Предлог - стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани и придружен акциски план, во јуни 2021 година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од воспоставување на меѓувладина Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на српското и црногорското национално малцинство во Република Македонија, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за финансии, Агенцијата за иселеништво и Агенцијата за остварување на правата на заедниците а се препорачува на Српската заедница во

Република Северна Македонија, во рок од седум дена до Министерството за надворешни работи да достават номинации за член и заменик член од нивните институции, кои ќе учествуваат во работата на Мешовитата комисија.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (21-1315/1), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст, (бр.21-1316/1).

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст, (бр. 21-1317/1).

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст, (бр. 21-1318/1)

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Куманово (товарно моторно возило), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје во студиската учебна година 2021/2022, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „MILEX 21“, на територијата на Република Грција, со Предлог – одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „MILEX 21“, во Република Грција, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (моторни возила), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1748 на Советот од 20 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1650 на Советот од 6 ноември 2020 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 на Советот од 7 декември 2020 година за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/276 на Советот од 22 февруари 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1482 на Советот од 14 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Јапонија со седиште во Токио, во предложениот текст.

## Точка 54

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Јапонија со седиште во Токио, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство, со Предлог-одлука и Предлог – решение, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство, во предложениот текст.

Истовремено, Предлог-решението за назначување на претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба и финансиските обврски на Националната установа Театар Комедија – Скопје и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за финансиската состојба и финансиските обврски на Националната установа Театар Комедија-Скопје и одобри еднократна помош од 12.000.000,00 денари.

2. Се задолжуваат Националната установа Театар Комедија - Скопје и Националната установа Турски театар од Скопје, да склучат договор за меѓусебно регулирање на односите во однос на намирување на тековните трошоци за користење и одржување на објектот на НУ Театар Комедија – Скопје, во кој ќе биде

уредено дека трошоците за струја, вода, парно, интернет и други комунални трошоци кои пристигнуваат на име на носителот на објектот НУ Театар Комедија – Скопје, истите да ги подмирува Националната установа Турски театар – Скопје, се до моментот на одблокирање на сметката на Националната установа Театар Комедија – Скопје.

3. Се задолжува Министерството за култура, средствата предвидени за материјални трошоци согласно Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Националната установа Театар Комедија – Скопје за 2021 година, наместо на Националната установа Театар Комедија – Скопје, истите на месечно ниво по месечен план и решение за преведување на средства да ги префрла на Националната установа Турски театар – Скопје, по претходно склучен договор во кој ќе бидат меѓусебно регулирани односите помеѓу НУ Театар Комедија – Скопје и НУ Турски театар – Скопје.

4. Се задолжува Националната установа Турски театар – Скопје, по склучување на договорот за меѓусебно регулирање на односите со НУ Театар Комедија – Скопје, месечните побарувања за комунални трошоци кои се пристигнати на име на НУ Театар Комедија – Скопје, посебно да ги прикажува во обврски, согласно договорот и истите да ги побарува од Министерството за култура, со доставена целокупна финансиска документација во прилог.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни средства за Национална установа „Национална опера и балет“ заради исплата на долг по судска постапка и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за култура во рамки на буџетот на Министерството за 2021 година да обезбеди 8.500.000,00 денари како дополнителни средства за Националната установа „Националната опера и балет“ со цел исплата на долг по судска постапка.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за регулирање на соработката меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Македонскиот културен центар во Њујорк, САД со Предлог - договор за соработка меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Македонскиот културен центар во Њујорк, САД и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за соработка меѓу Министерството за култура на Република Северна Македонија и Македонскиот културен центар во Њујорк, САД.

2. Се задолжува д-р Ирена Стефоска, министер за култура, да го потпише Договорот за соработка меѓу Министерството за култура на Република Северна

Македонија и Македонскиот културен центар во Њујорк, САД, за времетраење од една година.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Проект (Елаборат) за основање на нова единица - Факултет за правни науки при Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје, ја усвои Информацијата и не даде одобрение на проектот за основање на нова единица - Факултет за правни науки при Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (машини за обработка на дрво), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци (машини за обработка на дрво), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (машини за обработка на дрво), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 73**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученички дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДЦУОР „Партенија Зографски“ Скопје (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при ДСУОР „Искра“ Штип (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци), во предложениот текст.

**Точка 97**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за животната средина, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предлогот на закон за дополнување на Законот за животната средина со кој се предлага во членот 20 од Законот за животната средина да се додаде нова алинеја која ќе гласи: „градење или реконструкција на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1) на растојание помало од пет километри или заштитено природно подрачје“,од аспект на заштита на животната средина и здравјето на луѓето е генерално прифатлив.

Сепак, во насока на подготовка на применливо законско решение се потенцира дека предложеното решение потребно е да се доработи и истото да се допрецизира.

Имено, дел од прашањата кои би требало да се разгледаат и да се допрецизираат е поимот „населено место“, односно дали истото е веќе дефинирано согласно законските прописи. Во оваа насока, би требало дополнително да се анализира што тоа во пракса би значело и како истото би се одразило врз други области (пр. земјоделското земјиште).

Исто така, треба да се прецизира дали забраната за реконструкција на инсталациите ќе се однесува на сите инсталации или пак ќе постојат исклучоци во насока на можноста за реконструкција само доколку истата е со цел модернизација на производството. Дополнително прашање е дали истото ќе се однесува и на зголемување на капацитетот на производството.

Исто така, треба да се дефинира и временскиот рок од кога ќе почне примената на ова законско решение, прашањето на постоечките инсталации или оние во градба и реконструкција, односно категоризација на кои инсталации ќе се однесува истото.

Со цел доработување на предлогот и дефинирање на претходно наведените прашања, се укажува дека е потребна сеопфатна анализа во која ќе бидат вклучени и другите надлежни институции, пред се од областа на урбанистичкото планирање, економијата, локалната самоуправа, земјоделството и тн.

Истовремено, сметаме дека подготовката на анализата треба да се врши со преклопување на состојбата на терен, односно да се изготви соодветно мапирање на локациите кои би биле погодни за овој вид на индустрија согласно урбанистичките планови, заштитените подрачја и други подрачја од јавен интерес, со што ќе се овозможи планирање на идните јавни или приватни инвестиции, во насока на обезбедување на стратешки одржлив развој на државата.

## Точка 98

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и нема забелешки по текстот на истиот.

## Точка 99

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи.

Имајќи го предвид наведениот член од Уставот предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој е поднесен од овластен предлагач.

Предложените изменувања и дополнувања на Законот за рамномерен регионален развој* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), откако ќе бидат донесени во Собранието на Република Северна Македонија, ќе овозможат во

оваа фискална година да се абсорбираат средствата за поттикнување рамномерен регионален развој, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, во раздел на Бирото за регионален развој, од страна на корисниците - центрите за развој на планските региони, за кои се распределуваат 55% од вкупните средства за таа намена.

Покрај тоа, со одредбите од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој се предвидува изменување на рокот за доставување на проектните апликации од страна на центрите за развој на планските региони, при што со постапката за аплицирање доследно се следи буџетскиот циклус и извршувањето на годишниот Буџет на Република Северна Македонија.

Воедно, со предложените изменувања и дополнувања на Законот за рамномерен регионален развој, ќе се отвори можност да се објавуваат повеќе повици за прибирање на предлог проекти во рамки на Програмата за намалување на диспаритетите во и меѓу планските региони, доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за поттикнување на политиката.

Во согласност со наведеното, имајќи предвид дека предложените изменувања и дополнувања на Законот за рамномерен регионален развој се во корелација со ургентните потреби на Министерството за локална самоуправа и на Бирото за регионален развој за доследно спроведување на политиката во фискалната 2021 година, како и за зголемување на ефикасноста и ефективноста во нејзиното натамошно спроведување, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по истиот.

Истовремено, во прилог Ви се доставуваат Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, со кореспондентни табели, бидејќи со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој се предлага изменување на член 92, во кој е утврден рокот на примена на усогласените одредби од Законот за рамномерен регионален развој со регулативата 1301 на Европската Унија.

## Точка 100

Владата по Извештајот за работа на ректорот и на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид за периодот 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, утврди мислење врз основа на мислењето што Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за финансии, ќе го подготви и достави до Владата.

## Точка 101

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 57 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), поднесена преку адвокат Роберт Бачовски Синколи и притоа го утврди следново мислење:

Со одредбите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), се уредува системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон, како и други работи од областа на урбанистичкото планирање.

Со членот 57 став 3 од Законот за урбанистичко планирање е предвидено по доставеното барање за добивање на извод од урбанистички план, надлежниот орган на донесувачот на планот е должен во рок од десет работни дена, во електронска или во писмена форма, во зависност од начинот на кој е поднесено барањето, да го издаде изводот или да достави известување дека за предметниот опфат не е донесен урбанистички план или е под суспензија или е укинат.

Согласно член 23 од Законот за урбанистичко планирање ако одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине во целост, донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за изработување и донесување на нов урбанистички план за истиот плански опфат, а ако одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине за дел од планот, односно за одредени негови плански одредби, донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за изработување и донесување на изменување и дополнување на укинатиот дел од планот.

Ако одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине врз основа на пропуст во постапката за донесување, донесувачот на планот може да го донесе истиот план со постапка што ќе се состои само од спроведување на делот од постапката за кој се однесува пропустот и истиот бил основ за укинувањето.
Доколку при спроведувањето на постапката произлезат и неопходни измени во планското решение, тогаш донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за донесување на нов урбанистички план.

Урбанистички план негов дел или планска одредба се суспендира од применување од страна на донесувачот на планот, доколку се докаже несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување, а произлегува од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него, поради неговата неусогласеност со планови од повисоко ниво или поради плански

решенија чии што штетни последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за негово донесување.

Донесувачот на планот, одлуката за суспензија ја донесува врз основа на стручен елаборат за суспензија на применувањето на урбанистичкиот план, негови делови или плански одредби, изработен од Комисијата за урбанизам, а по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кое се издава во рок од 15 работни дена по приемот на стручниот елаборат и барањето за мислење.

Одлуката е на сила до донесувањето на измени и/или дополнувања на суспендираниот урбанистички план, негови делови или плански одредби, со коишто ќе се надминат и отстранат недостатоците што биле основ за суспензијата, но не подолго од шест месеци за поединечни делови од урбанистички план или одредени плански одредби и една година за целиот плански опфат на урбанистичкиот план.

Одлуката не може да се донесе доколку донесувачот истовремено не донесе одлука за отпочнување на постапката за донесување на нов урбанистички план или на измени и дополнувања на урбанистичкиот план, со цел отстранување на недостатоците за кои е докажана штета по јавниот интерес.

По истекот на роковите и неисполнувањето на условот, суспендираниот урбанистички план, неговите делови или плански одредби продолжуваат да се спроведуваат, при што штетите што настанале од суспендирањето на планот како и од неотстранувањето на недостатоците на урбанистичкиот план, ги сноси единицата на локалната самоуправа за урбанистичките планови од локално значење и Владата на Република Северна Македонија за урбанистичките планови од државно значење.

Исто така, се укажува дека оспорената одредба не е противуставна и спротивна на темелните вредности предвидени со членот 8 став 1 алинеи 3, 6, и 10, член 30 став 1 и став 3, член 51 став 1 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека истата се темели на остварување на уредувањето и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувувањето на природните и културните вредности на просторот. Со урбанистичкото планирање задолжително се штити јавниот интерес кој е приоритетен, додека приватниот интерес се обезбедува согласно со закон. Воедно, не е доведено во прашање ниту правото на општините да одлучуваат, имајќи предвид дека општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, задолжително донесуваат Годишна програма за изработка на урбанистички планови и проекти, најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година.

Оттука, а согласно напред наведените одредби од Законот за урбанистичко планирање, Владата на Република Северна Македонија цени дека не се повредуваат уставните начела ниту меѓународните договори и акти.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби не се во спротивност со членовите 8, 30, 51 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 57 став 3 од Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 102

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Универзитет во Тетово, Правен факултет, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.65/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 58 ставовите 1 и 2 и член 62 ставовите 4 и 5 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/18) и притоа го утврди следново мислење:

Студиската програма за докторски студии од ставот 1 на членот 136 од Законот за високото образование*, главно опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:

- организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви,
- независен истражувачки проект под менторство (докторски проект),
- меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој,
- предавања и друг вид на комуникациски активности,
- објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд и
- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

Ваквото уредување на третиот циклус на (докторски) студии е согласно препораките кои произлегуваат од Болоњскиот процес и во согласност со Салцбург I и II начелата.

Согласно Правилникот за критериумите и начинот на рангирање на универзитетите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/19), високообразовните установи се рангираат според следниве критериуми:

- постигнувања во наставно-образовната дејност (настава и учење)
- постигнувања во научно-истражувачката дејност (истражување) и
- постигнување во применувачката дејност (социјални услуги).

Рангирањето на високообразовните установи се врши со соодветен вкупен удел по горенаведените критериуми по однос на постигнувањата по дејности и тоа:

- 50% за наставно-образовната дејност (настава и учење);

- 40% за научно-истражувачката дејност (истражување) и
- 10% за применувачката дејност (социјални услуги).

Со членот 62 став 4 од Законот за високото образование* се уредува кои високообразовни установи на задоволително ниво ги исполнуваат наведените услови за организирање на квалитетни докторски студии.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со овие законски решенија во Законот за високото образование* не постои повреда на уставните одредби на член 44 ставови 1 и 2 и член 46 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 58 ставовите 1 и 2 и член 62 ставовите 4 и 5 од Законот за високото образование*.

Со таквото решение Уставниот суд на Република Северна Македонија како и до сега, ќе придонесе кон одржувањето, спокредливоста и развивањето на квалитетот на високообразовната дејност и особено на квалитетот на третиот циклус на (докторски) студии.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.26/2021 за поведување на постапка за оценување на одредби од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на насловот, член 5 став 1, член 6 став 1 точка 1 алинеја 1, член 8, член 10, член 17 ставовите 3 и 4, член 29 став 4, член 30 став 6, член 35 ставовите 1,2 и 3, член 51 и член 52 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021), од причина што, како што се наведува во Иницијативата, овие одредби се спротивни на одредбите од член 8 став 1 алинеја 2 и став 3, член 9, член 26, член 39, член 51 став 1, член 54, член 69 став 2 со Амандманот X, членот 118 и членот 119 од Уставот на Република Северна Македонија. Според горенаведеното, подносителот на Иницијативата бара од Уставниот суд до донесување на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршување на поединечните акти и дејствија што се преземаат врз основа на оспорениот наслов и одредби од предметниот Закон, поради суспензија на правата и слободите на граѓаните, суспензија на уставниот поредок на државата Македонија и штетни последици по Буџетот на Република Македонија и даночните обврзници.

За оспорениот Законот подносителот на предметната Иницијатива смета дека не постојат одредби со кои се уредува значењето на одделните поими кои се употребуваат во законот, а кои биле предмет на уредување на поранешните закони со кои се вршел попис во нашата држава, односно не постои одредба за „вкупно население", „Државна пописна комисија", „број на попишувачи", „врзан потпис на директорот со заменик директорот на Државен завод за статистика, на етничка основа, заради доверба во пописните резултати".

Понатаму, подносителот на Иницијативата смета дека регулативите со кои е усогласен постојниот Закон не се ратификувани во согласност со член 51 од Уставот каде е утврдено дека „во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон" бидејќи истите за државата Македонија имаат статус на меѓународни договори и не можат да бидат предмет на усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европска Унија, бидејќи Македонија не е членка на овој сојуз на држави. Исто така, подносителот смета дека оспорениот Закон не може да биде во согласност со члоновите 118 и 119 од Уставот, затоа што регулативите на Европска Унија со кои се усогласува овој закон не се дел од внатрешниот правен поредок на државата Македонија.

Според наведеното, членот 118 од Уставот пропишува „Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон", а членот 119 од Уставот пропишува „Меѓународните договори во името на Република Македонија ги склучува Претседателот на Република Македонија. Меѓународни договори може да склучува и Владата на Република Македонија кога тоа е определено со Закон".

Оттаму, според подносителот на Иницијативата регулативите не можат да бидат нотирани во фуснота на насловот на овој закон, туку треба да се составен дел во Законот, доколку се ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија, што не е случај со овој закон.

Подносителот смета дека член 8 од овој закон е во колизија со членот 35 став 1 каде е утврдено дека „за лицата - државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа или престој во странство податоците од член 10 од овој закон ги дава полнолетно лице на кого најмногу му со познати, при што го дава својот ЕМБГ и ЕМБГ на лицето за кое дава податоци во пописот".

Според член 8 од оспорениот Закон „Податоците од членот 10 од овој закон се земаат не непосредно од лицата на кои тие се однесуваат".

Со членот 10 од оспорениот Закон се утврдени податоците кои треба да бидат опфатени за лицата во пописот: географски, демографски, економски, образовни, миграциски, етнички, културолошки, религиозни карактеристики и инвалидитет/функционална попреченост.

Согласно горенаведеното, подносителот смета дека оспорениот Закон не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и Амандманот VI од Уставот затоа што го нарушува владеењето на правото и ја доведува во заблуда целата статистичка операција.

Подносителот на Иницијативата смета дека членот 17 ставовите 3 и 4 од оспорениот Закон кои се однесуваат на актите во врска со пописот кои ги донесува Државниот завод за статистика пред нивното донесување, директорот и неговиот заменик ги разгледуваат и заедно ги одобруваат со парафирање дека се согласни за текстот на истиот. Доколку се постапи спротивно на наведеното, ќе се смета дека истите не произведуваат правно дејство" за што подносителот смета дека се во спротивност со членот 69 став 2 со Амандманот X од Уставот од причина што „Бадентеровото мнозинство" не е утврдено за ниту едно друго правно лице освен за Собранието.

Според член 69 став 2 со Амандманот X од Уставот „за законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците".

Понатаму, членот 29 став 4 од оспорениот Закон во кој се пропишува составот на Комисијата за пописниот реон и каде е утврдено дека функцијата Претседател на Комисијата ја извршува секретарот на Општината каде што е седиштето на пописниот реон, подносителот на Иницијативата смета дека не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и Амандманот VI од Уставот од причина што се нарушува владеењето на правото и ја доведува во прашање законитоста во подготовката, организацијата и спроведувањето на пописот бидејќи во оние општини каде нема назначено секретар, Комисијата ќе остане без претседател.

Подносителот на Иницијативата смета дека во оспорениот Закон не е определен бројот на попишувачите во пописниот реон и согласно член 30 став 6 од Законот „При изборот на попишувачите и реонските инструктори ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во пописниот реон" и поради тоа не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Амадманот VI од Уставот од причина што се нарушува владеењето на правото и ја доведува во прашање точноста на пописните резултати. Оттука, подносителот во Иницијативата наведува дека ако за еден пописен реон се определува еден попишувач, принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во пописниот реон губи секаква смисла.

По однос на наводите во Иницијативата кои се однесуваат на прекршочните одредби подносителот смета дека истите не се во согласност со член 26 од Уставот каде се гарантира неповредливоста на домот и со членот 1 од Законот за паричната единица на Република Македонија („Службен весник на Република

Македонија“ бр.26/92) каде се пропишува дека паричната единица на Република Македонија е денар, со членот 2 став 1 од истиот Закон што гласи „Книжните пари и кованите пари кои гласат на денар се единствено законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија“ и ставот 2 од истиот член „Во платниот промет се употребува скратениот назив на паричната единица на Република Македонија: ДЕН“, членот 3 кој пропишува „Сите пари и обврски по работи кои гласат на пари, а се склучени на територијата на Република Македонија, како и сите вредности и износи, се искажуваат во износи кои гласат на денари“ и членот 4 кој гласи „Курсевите на странските валути на денот на влегување во сила на овој закон ќе ги утврди Народната банка на Република Македонија“.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во Меѓународното право и утврдени со Уставот, владеење на правото и почитувањето на општо прифатените норми на Меѓународното право би требало да се ценат од аспект на обезбедување податоци што се од голема важност и за статистиката кои даваат солидна основа за создавање временски серии со чија анализа се овозможува квалитетно согледување и оцена на факторите на демографскиот развој, развојот на социјалните движења, урбаниот развој и сл., во минатото, сегашноста и иднината, како и официјално пребројување на населението на територијата на земјата, од нејзините најмали географски територијални единици до ниво на држава, заедно со дефинираните демографски, социјални и економски карактеристики на вкупното население, како резултат на внимателно планирање, подготовка, тестирање, анализирање и документирање на секоја фаза и според своето општо значење, Пописот се рангира како активност од висок државен интерес уреден со посебен Закон кој се усвојува од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а во склад со стандардите на Обединетите нации и Евростат, како и други меѓународни и домашни регулативи.

Целта за донесување на овој закон е да се обезбедат целосни, квалитетни, ажурни и меѓународно споредливи статистички податоци за населението, домаќинствата и становите, за задоволување на националните и меѓународните потреби на корисниците и поради тоа Пописот се смета како сериозна операција која ќе даде базична основа за подготвување на квалитетни политики за општествен и економски развој на државата, кои се од интерес за сите граѓани.

Правната основа за Пописот произлегува од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/21), со кој се уредува содржината, подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија во 2021 година, обврските на сите органи вклучени во спроведувањето на Пописот, правата и обврските на граѓаните како даватели на податоци за Пописот, како и на сите лица вклучени во спроведувањето на Пописот и обработката на податоците по Пописот, објавувањето на резултатите од Пописот и неговото финансирање.

Казнените и прекршочните одредби од Законот се однесуваат доколку за време на потпишувањето се постапува спротивно од одредбите на овој закон, а глобите се изразуваат во денарска противвредност со што се смета дека се неосновани наводите на подносителот во предметната Иницијатива дека истите не се во согласност Уставот и Законот за парична единица во Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, Пописот претставува најобемно статистичко истражување во однос на единиците што се попишуваат и најмасовно во однос на бројот на учесниците шго учествуваат во неговото спроведување. Пописот се подготвува неколку години пред неговото спроведување на терен, а податоците се обработуваат подолг временски период по прибирањето од теренот. Вообичаено е пописите да се спроведуваат на секои 10 години, и тоа во годините што завршуваат на нула или еден. Оттука, оспорениот Закон се однесува на годината во која се врши попишувањето и при одлучувањето, Уставниот суд не треба да ги земе предвид законите кои што се однесувале на Попис кој се спроведувал изминатите години, како што е наведено во самата Иницијатива.

Се смета дека подносителот на Иницијативата не е во право за наводите кои се однесуваат на непостоење на одредби со кои се уредува значењето на одделните поими кои се употребуваат во Законот. Имено, со Методологијата за подгоговка, организирање и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, донесена од директорот на Државниот завод за статистика се детално опфатени и образложени дефинициите и одделните поими кои што се употребуваат во пописот и нивното значење, а со тоа и Категориите на населението за кои ќе се обезбедат податоци со пописот и прашањата содржани во пописната апликација.

Понатаму, за лицата на работа или престој во странство, кои ќе се самопопишат преку веб-апликацијата на веб-страницата на Државниот завод за статистика за Попис 2021, местото на попишување е последната адреса, т.е. официјалното (легално) место на живеење во Република Северна Македонија каде што живееле пред заминувањето во странство, а лицата со место на вообичаено живеење во Република Северна Македонија, кои за време на Пописот се отсутни во странство, а не се самопопишале преку веб-апликацијата, попишувањето се врши во нивното последно вообичаено место на живеење во Република Северна Македонија ако на таа адреса има полнолетен член на домаќинството или друго лице што може да ги даде сите потребни податоци за овие лица. За овие лица податоци дава исклучиво полнолетен член на домаќинството или друго полнолетно лице кое најдобро ги познава податоците за тие лица. Давателот на податоците е должен да приложи соодветен документ од кој ќе може да се преземе ЕМБГ на лицето кое се попишува, како и соодветен документ од кој ќе може да се преземе неговиот ЕМБГ (со што ќе ја гарантира точноста на дадените податоци). По однос на лицата кои се самопопишуваат проверката на ЕМБГ ќе се прави во процесот на обработката на податоците по завршување на Пописот.

Оттука, согласно членот 3 од оспорениот Закон „Личните податоци добиени со Пописот подлежат на заштита согласно со одредбите од овој закон, Законот за државната статистика и прописите од областа на заштита на личните податоци".

Со одредбите од овој закон опфатени во ГЛАВА IX која гласи - КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци со оглед на фактот што личните податоци што ќе се приберат со Пописот претставуваат строго доверливи податоци од каде произлегува и обврската за нивна целосна заштита од страна на сите лица што директно учествуваат во сите пописни активности врз каква и да е основа. На овој начин се гарантира и заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците. Понатаму, при спроведувањето на пописот ќе се користи комбинираниот метод, што значи дека податоците за лицето ќе бидат преземени од државните административни регистри (наведени во Законот), а дел од податоците кои недостасуваат ќе бидат прибрани од попишаното лице и ќе бидат внесени од попишувачот во пописната апликација на лаптопот со кој ракува тој.

Согласно наведеното, потребно е да се истакне и за законско утврдената заштита која се однесува на податоците кои се преземаат од административни бази на податоци на институциите во државата преку кои граѓаните остваруваат одредени права. Државниот завод за статистика, како носител на статистичкиот систем во државата, според Законот за државната статистика има право да ги користи тие податоци за статистички цели.

По однос на наводите од Иницијативата за непостоење на Државна пописна комисија, неминовно е да се истакне дека Државниот завод за статистика согласно своите законски надлежности се грижи за законитоста во подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот во согласност со одредбите од овој закон и врши надзор над работата на лицата - учесници во Пописот.

Имајќи го предвид искуството со постоење на Државната пописна комисија изминатите години кога се спроведувал пописот во нашата држава каде истата согласно структурата на нејзиниот состав беше тело кое решаваше политички, а не статистички прашања, со што пописот беше максимално исполитизиран, се одлучи во пописот во 2021 година да учествуваат пред се статистички компетентни тела со оглед на фактот што пописот треба да биде пред се статистистичка активност. Земајќи го предвид и правило во развиените земји во Европа каде пописот го организира и спроведува само надлежниот орган од областа на статистиката во соработка со други учесници се напоменува дека во пописот од 2011 година согласно тогашниот закон Државната пописна комисија беше надлежна за организација и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2011 година, што е спротивно со правилата на пописната статистичка легислатива на земјите во Европа.

Отгука, согласно членот 26 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година* „Во организацијата и спроведувањето на Пописот учествуваат и: - Советот за статистика на Република Северна Македонија, - комисиите за пописните реони, - државните инструктори, - реонските инструктори, - реонските попишувачи и - други учесници согласно одредбите од овој закон“.

По однос на прашањето за бројот на попишувачи се работи пред се за методолошко статистичко прашање и е непосредно поврзано со проценката на Државниот завод за статистика со колкав број на попишувачи може да се реализира пописот. Согласно таа проценка извршена е и набавка на потребната информатичка опрема-компјутери. Се напоменува дека и досега во претходните закони не беше утврдуван вкупно потребниот број на попишувачи за реализација на пописот.

Што се однесува до тврдењето дека во случај ако во седиштето па пописниот реон нема назначено секретар на Општината, Реонската пописна комисија ќе нема претседател, се укажува дека во тој случај ќе се применат одредбите од Законот за административни службеници. Согласно наведеното градоначалникот на Општината каде што не е назначен секретар, за претседател на Комисијата ќе назначи раководен административен службеник од Општината каде што е седиштето на Комисијата.

Правичната застапеност во соодветниот пописен реон се запазува преку ангажирање на дополнителен попишувач кој го знае јазикот на кој се попишува лицето.

Во однос на врзаниот потпис помеѓу директорот и заменик на директорот се истакнува дека целта е да се зајакне довербата помеѓу двете најбројни етнички заедници во целокупната пописна активност. Довербата е од исклучителна важност имајќи ги искуствата од претходните пописи. Во таа смисла е и одредбата за парафирање на документите од директорот и заменик директорот, пред истите и формално правно да бидат донесени, согласно законските прописи од директорот на Државниот завод за статистика.

Подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот Закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиог е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2021 година, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истиот е прогласен и со Указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Дополнително, законското решение е усогласено и со меѓународната регулатива, конкретно со ЕУ Регулативата 763/2008 на Европскиот парламент и Советот, како основна (појдовна) регулатива за европската статистика за пописите на населението и домувањето; ЕУ Регулативата 543/2017 на Европскиот парламент и Советот, а за утврдување на правилата за примена и техничката спецификација на белезите и нивното расчленување за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021; ЕУ Регулативата 712/2017 на Европскиот парламент и Советот - за утврдување на референтната година и програмата за метаподатоци за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021; ЕУ Регулативата 881/2017 на Европскиот парламент и Советот- за структурата на извештајот за квалитет и техничкиот формат за доставување на пописните податоци за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021;

ЕУ Регулативата 1799/2018 на Европскиот парламент и Советот за дисеминација на одбрани белези на 1 $км^2$ за европската статистика за Пописот на населението и домувањето, 2021.

Оттука законодавецот, по разгледување на сите теоретски и практични причини, како и мислењата и принципите на Европската Унија за спроведување на Пописот со цел целосна хармонизација на домашното законодавство со правото на ЕУ, пристапи кон донесување на постојното законско решение. Оттаму, обврската за хармонизација на законодавството на Република Македонија со правото на ЕУ е вградена во членот 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Со донесувањето на Деловник на Собранието на Република Македонија во јули 2008 година, во членот 135 е предвидено дека содржината на секој Предлог на закон со кој се врши усогласување треба да содржи и податоци за изворниот акт на Европската унија со полн назив, број и датум како и Изјава за усогласеност. Исто така овие предлог закони во моментот кога ќе влезат во собраниска процедура се означуваат со знамето на Европската унија, како знак што ги прави да се разликуваат од останатите.

Оттука, имајќи продвид дека по поднесување на предметната Иницијатива законодавецот изврши соодветно изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година, објавено во („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/21), согласно кое спроведувањето на прописот се одложува од 1 до 21 април 2021 година за 5 до 30 септември 2021 година, како и одделни прашања за кои подносителот смета дека не се уредени во оспорениог Закон се утврдени во подзаконските акти кои произлегуваат од предметниот закон, се цени дека не може да се постави прашањето за согласност на оспорениот закон во целина со одредбите на Уставот и законите на кои се повикува подносителот на Иницијативата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот Закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* е во согласност со одредбиге од Уставот на Република Северна Македонија и задолжителните норми на меѓународното право поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/2021).

## Точка 104

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Национален блок „Не отварам врата" од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 став 1, член 34 став 1 и членот 51 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година*

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/2021) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 8 став (1), член 34 став (1) и членот 51 од Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.19/2021), од причина што, како што се наведува во Иницијативата, овие одредби се спротивни на одредбите од член 7 ставовите (1) и (2), член 8 став 1 алинеи 1, 2 и 3, член 9 ставовите (1) и (2), член 16 став (1), член 19 ставовите (1) и (2), член 39 став (2) и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија. Според горенаведеното, а со оглед на фактот што оспорените одредби се однесуваат на попис што треба да се одржи од 1 до 20 април 2021 година, а со цел спречување на настанување тешко отстранливи последици, подносителот на Иницијативата му предлага на Уставниот суд врз основа на член 27 од Деловникот на Уставниот суд и начелото на приоритетност до донесување на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти и дејствија што се преземаат врз основа на оспорениот акт.

Врз основа на член 8 став (1) од оспорениот Закон „За лицата-државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа или престој во странство податоците од членот 10 од овој закон ги дава полнолетно лице на кого најмногу му се познати, при што го дава својот ЕМБГ и ЕМБГ на лицето за кое дава податоци во пописот”.

Врз основа на член 34 став (1) од оспорениот Закон „ Апликацијата со која ќе се врши попишувањето ќе биде изготвена на 7 (седум) јазици: македонски, албански, турски, ромски, влашки, српски и босански”.

Врз основа на член 51 од оспорениот Закон „Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице ако одбие да ги даде податоците што се бараат од него за Пописот или ако даде неточни податоци”.

Согласно член 7 став (1) „На целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.”

Став (2) од истиот член пропишува „Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така, е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член.”

За оспорениот Закон подносителот на предметната Иницијатива смета дека не е во согласност со членот 8 од Уставот во кој се наведени темелните вредности врз кои се заснова уставниот поредок, конкретно алинеите 1, 2 и 3 од истиот член кои се однесуваат на владеењето на правото, основните слободи и права на човекот и

граѓанинот признати во меѓународното владеењето на правото, како и слободното изразување на националната припадност.

Согласно член 9 од Уставот „ Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви”.

Согласно член 16 став (1) од Уставот „Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата”.

Согласно член 19 став од Уставот „ Се гарантира слободата на вероисповеста. Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон”.

Согласно член 39 од Уставот „На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите”.

Согласно член 51 ставот 1 од Уставот, „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот”, а ставот 2 од истиот член пропишува дека „ Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот”.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на Уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеење на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право би требало да се ценат од аспект на обезбедување податоци што се од голема важност и за статистиката кои даваат солидна основа за создавање временски серии со чија анализа се овозможува квалитетно согледување и оцена на факторите на демографскиот развој, развојот на социјалните движења, урбаниот развој и сл., во минатото, сегашноста и иднината, како и официјално пребројување на населението на територијата на земјата, од нејзините најмали географски територијални единици до ниво на држава, заедно со дефинираните демографски, социјални и економски карактеристики на вкупното население, како резултат на внимателно планирање, подготовка, тестирање, анализирање и документирање на секоја фаза и според своето општо значење, Пописот се рангира како активност од висок државен интерес уреден со посебен закон кој се усвојува од страна на Собранието на

Република Северна Македонија, а во склад со стандардите на Обединетите нации и Евростат, како и други меѓународни и домашни регулативи.

Целта за донесување на овој закон е да се обезбедат целосни, квалитетни, ажурни и меѓународно споредливи статистички податоци за населението, домаќинствата и становите, за задоволување на националните и меѓународните потреби на корисниците и поради тоа Пописот се смета како сериозна операција која ќе даде базична основа за подготвување на квалитетни политики за општествен и економски развој на државата, кои се од интерес за сите граѓани. Исто така, вообичаено е да се спроведува попис на секои 10 години и тоа во годините кои завршуваат на 0 или 1. Со оглед на тоа што последниот Попис беше спроведен во 2002 година, а во 2011 година беше прекинат со одлука на Владата на Република Македонија, се очекува преку имплементација на меѓународните директиви во законското решение да се обезбеди пописот во 2021 година со што би се надминала празнината настаната со неуспешно спроведениот попис и потребата на нашата држава за спроведување на ваква статистичка операција.

Правната основа за Пописот произлегува од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/21) со кој се уредува содржината, подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија во 2021 година, обврските на сите органи вклучени во спроведувањето на Пописот, правата и обврските на граѓаните како даватели на податоци за Пописот, како и на сите лица вклучени во спроведувањето на Пописот и обработката на податоците по Пописот, објавувањето на резултатите од Пописот и неговото финансирање.

Според наводите од Иницијативата со кои подносителот наведува дека етничката и религиозната припадност се сметаат како лично право на секој поединец и не може никој друг во негово име да ги дава овие определби бидејќи се работи за строго лична работа, се укажува дека лицето може од приватни причини и да не се изјасни по ова прашање и во тој случај, попишувачот на ова прашање ќе го избере одговорот „Не се изјаснил".

Понатаму, за лицата на работа или престој во странство, кои ќе се самопопишат преку веб апликацијата на веб-страницата на Државниот завод за статистика за Попис 2021, местото на попишување е последната адреса, т.е. официјалното (легално) место на живеење во Република Северна Македонија каде што живееле пред заминувањето во странство, а лицата со место на вообичаено живеење во Република Северна Македонија, кои за време на Пописот се отсутни во странство, а не се самопопишале преку веб апликацијата, попишувањето се врши во нивното последно вообичаено место на живеење во Република Северна Македонија ако на таа адреса има полнолетен член на домаќинството или друго лице што може да ги даде сите потребни податоци за овие лица. За овие лица податоци дава исклучиво полнолетен член на домаќинството или друго полнолетно лице кое најдобро ги познава податоците за тие лица. Давателот на податоците е должен да приложи соодветен документ од кој ќе може да се преземе ЕМБГ на лицето кое се попишува,

како и соодветен документ од кој ќе може да се преземе неговиот ЕМБГ (со што ќе ја гарантира точноста на дадените податоци). По однос на лицата кои се самопопишуваат проверката на ЕМБГ ке се прави во процесот на обработката на податоците по завршување на Пописот.

Согласно членот 3 од оспорениот Закон „Личните податоци добиени со Пописот подлежат на заштита согласно со одредбите од овој закон, Законот за државната статистика и прописите од областа на заштита на личните податоци”. Со одредбите од овој закон опфатени во ГЛАВА IX која гласи - КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци со оглед на фактот што личните податоци што ќе се приберат со Пописот претставуваат строго доверливи податоци од каде произлегува и обврската за нивна целосна заштита од страна на сите лица што директно учествуваат во сите пописни активности врз каква и да е основа, На овој начин се гарантира и заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците. Понатаму, при спроведувањето на пописот ќе се користи комбинираниот метод, што значи дека податоците за лицето ќе бидат преземени од државните административни регистри (наведени во Законот), а дел од податоците кои недостасуваат ќе бидат прибрани од попишаното лице и ќе бидат внесени од попишувачот во пописната апликација на лаптопот со кој ракува тој.

Согласно наведеното, потребно е да се истакне и за законско утврдената заштита која се однесува на податоците кои се преземаат од административни бази на податоци на институциите во државата преку кои граѓаните остваруваат одредени права. Државниот завод за статистика, како носител на статистичкиот систем во државата, според Законот за државната статистика има право да ги користи тие податоци за статистички цели.

Во врска со наводите од предметната Иницијатива дека обврската Пописот да се спроведува на седум јазици нема своја уставно – правна основа, се истакнува дека во Законот за пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, како и во Методологијата за спроведување на попис при употребата на јазиците во Електронската апликација со која се врши попишувањето функционира на 7 (седум) јазици: македонски, албански, турски, ромски, влашки, српски и босански. Попишувањето се врши на јазикот што го избира лицето кое се попишува или лицето кое ги дава податоците. Заради практична примена при попишување во Апликацијата нема причина поради која што треба да се отстранат другите јазици бидејќи наводите од Иницијативата на кои се повикува подносителот по однос на употреба на јазиците при попишувањето, не се однесува на примена на член 7 од Уставот .

Понатаму, по однос на наводите од предметната Иницијатива за непридржување кон прописите и наредбите за време на епидемија, несомнено е дека Подносителот во време на поднесување на Иницијативата не бил информиран за усвојувањето на Протоколот за превентивни мерки при спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите од страна на Владата на Република Северна

Македонија на 2.3.2021 година по предлог на Комисијата за заразни болести што предвидува мерки во сите три фази на пописот. Во Протоколот се пропишани мерки и постапки кои имаат за цел минимизирање на ризикот од трансмисија на заболувањето од КОВИД-19 за сите учесници во Пописот и со тоа неспорен е фактот дека оваа статистичка операција нема да доведе до загрозување на јавното здравје. Исто така, горенаведеното се коси со наводите на подносителот, поради тоа што Собранието на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 2.4.2021 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година, по скратена постапка поради потребата од имунизација на населението во Република Северна Македонија и поради тековната состојба предизвикана од вирусот Ковид – 19 се предлага Пописот што требаше да се спроведе од 1 до 21 април 2021 година да се одложи, односно истиот да се спроведе во периодот од 5 до 30 септември, оваа година.

Подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, на седниците, одржани на 21 јануари 2021 година и 2 април 2021 година, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истите се прогласени и со Указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието. Законодавецот, по разгледување на сите теоретски и практични причини, како и мислењата и принципите на Европската Унија за спроведување на Пописот, а со цел целосна хармонизација на домашното законодавство со правото на ЕУ, пристапи кон донесување на постојното законско решение.

Оттука, имајќи предвид дека по поднесување на предметната Иницијатива законодавецот изврши соодветно изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/21), согласно кое спроведувањето на прописот се одложува од 1 до 21 април 2021 година за 5 до 30 септември 2021 година, како и одделни прашања за кои подносителот смета дека не се уредени во оспорениот закон се утврдени во подзаконските акти кои произлегуваат од предметниот закон, се цени дека не може да се постави прашањето за согласност на оспорениот закон во целина со одредбите на Уставот и законите на кои се повикува подносителот во Иницијативата.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот закон е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/2021) и да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## Точка 105

Владата ја разгледа Иницијативата од политичката партија „Левица“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.47/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.305/20) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата смета дека оспорената законска одредба (член 1 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените) согласно која „лицето евидентирано во посебната матична книга на родени кое не е префлено во редовната матична книга на родени по навршување на пет години по автоматизам се префрла во редовната матична книга на родени“ применувајќи го член 12 став 3 од Законот, односно за чие докажување може да користи и изјава од двајца сведоци заверена на нотар, документи и потврди од надлежни институции за докажување на местото и време на раѓањето, претставува дискриминаторска одредба и ја нарушува еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите и истата ја поднесуваат согласно членовите 24, 108, 110 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09, 49/11 и 6/19), како и член 12 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/92 и „Службен венсик на Република Северна Македонија“ бр.202/19) Оттука, подносителот на Иницијативата смета дека истата е спротивна на член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Истовремено, според наводите на подносителот на Инцијативата, оспорената одредба е во спротивност со членовите 4, 8 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кои „Граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија. На државјанин на Република Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту да биде протеран или предаден на друга држава.

Државјанството на Република Македонија се уредува со закон“, како и тоа дека една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото и законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со Закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Во контекст на наведеното, подносителот на Иницијативата смета дека на лицата опфатени со оспорената одредба им се овозможува избегнување на законски утврдените услови за стекнување на државјанство, согласно Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република

Македонија“ бр.67/92, 8/04, 98/08, 158/11 и 15/16) и им се овозможува со само пет години евидентирано живеалиште на територијата на Република Северна Македонија да се стекнат со извод од матичната книга на родени, како единствен документ кој се поднесува во прилог на барањето за добивање „Уверение за државјанство“, со што на овие лица им се овозможува да добијат државјанство на Република Северна Македонија, како и да се стекнат со лична карта која е исправа со која покрај идентитетот, живеалиштето и адресата на граѓанинот на Република Северна Македонија, се докажува и државјанството на Република Северна Македонија.

2. Со донесувањето на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.42/20) се создаде правна основа за решавање на проблемот на приближно 700 лица во Република Северна Македонија кои се без документи и лична идентификација. Проблемот на овие лица задира во човековите права и истиот е нотиран од страна на Владата и невладините организации во 2012 година. Тие беа лишени од пристапот до здравствена и социјална заштита, образование и воопшто нема пристап до правдата. Овие лица раѓаат деца кои потоа исто така не се евидентираат поради тоа што нивните родители се лица без идентификација во системот.

Комитетот за човекови права на Обединетите Нации во 2015 година во заклучните согледувања за Третиот периодичен извештај на Република Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права изрази загриженост поради бавниот напредок во ретроактивното идентификување на деца кои не се регистрирани и немаат лични документи како и во издавањето документи по раѓањето. И побара да се забразаат напорите за идентификација на лицата без документи: матични и/или документи за идентификација и да се обезбеди ретроактивно регистрирање и издавање матични документи на овие деца. И Европската Унија го адресира овој проблем.

Донесувањето на овој закон имаше за цел лицата кои се неевидентирани во матичната книга на родени да се евидентираат во посебна матична книга на родени, заради добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа, со цел остварување на основните човекови права, како право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување. Со идентификационата исправа која ја издава Министерството за внатрешни работи, лицата запишани во посебната матична книга на родени пред надлежните органи и институции го докажуваат идентитетот во однос на остварување на правата од областа на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување, меѓутоа не и за стекнување со државјанство на Република Северна Македонија. Тоа претставуваше и главната цел на донесувањето на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените, во чиј процес партиципираа и членови од Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Управата за водење на матичните книги и преставници на меѓународни организации и притоа следејќи ги светските стандарди и пракси

во заштитата на основните елементарни права на лицата опфатени со Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени.

3. Со Законот за државјанството на Република Македонија, чиј носител е Министерството за внатрешни работи, се уредуваат начинот и условите за стекнување и престанување на државјанството на Република Македонија, утврдување на државјанството, надлежниот државен орган за решавање, докажување на државјанството и водење на евиденција на државјаните на Република Македонија.

Во оваа смисла, државјанството е дефинирано како правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата и истото се стекнува со потекло, раѓање на територијата на Република Македонија, природување и меѓународни договори.

Стекнувањето на државјанство на лица кои се евидентирани според Законот за неевидентирани лица во матична книга на родените, ќе се овозможи доколку лицата бидат запишани во матичната книга на родените и добијат извод од матична книга на родените согласно Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија" бр.38/02, 66/07, 98/08, 67/09, 43/14, 148/15, 27/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20).

Наводите во Иницијативата дека со префрлување на податоците за лицата евидентирани во посебната матична книга на родените во редовната матична книга на родени, со што ќе се создадат услови истите да се стекнат со извод од матична книга на родени, а со тоа ќе се створат услови за добивање на државјанство на Република Македонија, не се аргументирани.

Имено, покрај изводот од матичната книга на родени, лицата кои сакаат да се стекнат со државјанство на Република Македонија треба да ги исполнат и останатите услови предвидени во Законот за државјанството на Република Македонија. Согласно член 3 од наведениот закон, државјанството се стекнува со:

1. потекло;
2. раѓање на територијата на Република Македонија;
3. природување и
4. меѓународни договори.

Во контекст на наведеното, неспорно е уставно утврденото право на граѓаните на Република Северна Македонија дека се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

За таа цел е донесен и Законот за неевидентираните лица во матична книгата на родените, со кој можноста за добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа е првенствено во функција на остварување на конкретни права - право на образование, здравствена заштита, социјална заштита

и вработување со задолжително социјално осигурување согласно со закон, до дополнителен упис во матичната книга на родените и добивање на прв извод од матичната книга на родени, меѓутоа не и право за стекнување со државјанството на Република Северна Македонија.

Оттука, се укажува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.305/20), не се нарушува еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите.

Оспорената законска одредба согласно која „лицето евидентирано во посебната матична книга на родени кое не е префлено во редовната матична книга на родени по навршување на пет години по автоматизам се префрла во редовната матична книга на родени“ применувајќи го член 12 став 3 од Законот, односно за чие докажување може да користи и изјава од двајца сведоци заверена на нотар, документи и потврди од надлежни институции за докажување на местото и време на раѓањето, не претставува дискриминаторска одредба.

Напротив со наведеното законско решение се овозможува одредени категории на граѓани да ги остварат своите основни, елементарни права на живеење загарантирани со Уставот и законите.

Согласно наведените правни аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.305/20).

## Точка 106

Владата го одложи од разгледување Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.263/2020 од 10 февруари 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 5 ставовите 3 и 4 од Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, број 02-438/3 од 2 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.148/2020), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за здравство во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави мислење по истото.

## Точка 107

Владата ја разгледа Понудата од нотар Армир Садики од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.524 за КО Желино на КП бр.1235 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.878 за КО Сопотско на КП бр.1367 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1140 за К.О. Ресен на КП бр.3682 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марјан Коцевски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.17281 за КО Куманово на КП бр. 20692 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на сосопственички дел од недвижен имот – земјиште со Имотен лист бр.36989, на КП бр.18017/3, КО Прилеп, Имотен лист бр.36990 на КП бр.18017/1, КО Прилеп и Имотен лист бр.34174 на КП бр.18017/1, КО Прилеп и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 1500/2700 идеален дел од КП бр.8124, место викано Пребег, во Имотен лист бр.18644, за КО Штип - 5 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.18803 за КО Центар 2 на КП бр. 2259, викано место/улица Рилски Конгрес и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 114

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3354 за КО Ѓорче Петров 3 Дексион на КП бр.5237 место/улица Црногорска и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 115

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Нита Цафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102293 за КО Тетово -1 и Имотен лист бр.101648 за КО Тетово-1 на КП бр. 2991 викано место/улица ЈНА 124, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достават мислења.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 116

Владата го разгледа Известувањето од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.491/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во ИЛ бр.144, КП бр.46/2 и КП бр.47/2 за КО Суви Дол и по истото ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 117

Владата го разгледа Повикот за свикување на Годишно собрание на Македонски Телеком АД - Скопје, што ќе се одржи на 17 јуни 2021 година, со почеток во 11:00 часот и притоа заклучи:

1. Се овластува Викторија Аврамовска Мадиќ согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД-Скопје, да присуствува на Годишното собрание на Македонски Телеком АД-Скопје, што ќе се одржи на 17 јуни 2021 година, со почеток во 11:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести Македонски Телеком АД – Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Годишното собрание на Македонски Телеком АД-Скопје, што ќе се одржи на 17 јуни 2021 година, со почеток во 11:00 часот.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа ЗА по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Годишното собрание на Македонски Телеком АД-Скопје, што ќе се одржи на 17 јуни 2021 година, со почеток во 11:00 часот.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Годишното собрание на Македонски Телеком АД-Скопје, што ќе се одржи на 17 јуни 2021 година, со почеток во 11:00 часот:

4.1. Да гласа ЗА по Точка 1: Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија";

4.2. Да гласа ЗА по Точка 2: Предлог-одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија";

4.3. Да гласа ЗА по Точка 3: Предлог-одлука за усвојување на ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со меѓународни стандарди за финансиско известување;

4.4. Да гласа ЗА по Точка 4: Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2020 година;

4.5. Да гласа ЗА по Точка 5: Предлог-одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2020 година;

4.6. Да гласа ЗА по Точка 6: Предлог-одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2020 година и утврдување на дивиденден календар;

4.7. Да гласа ЗА по Точка 7: Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2020 година;

4.8. Да гласа ЗА по Точка 8: Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2020 година и

4.9. Да гласа ЗА по Точка 9: Предлог-одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година.

## Точка 118

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 119

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 27 мај 2021 до 2 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 29 мај 2021 до 4 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа Барањето доставено од Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје и по Барањето заклучи:

- Се задолжува Акционерското друштво ТЕЦ Неготино да му даде заем на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, 1500 тони мазут, М – 1 НС кој го задоволува пропишаниот македонски стандард МКС.Б.Х2.430.

- Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, да ја преземе обврската за превозот на бараниот мазут М-1, НС од Акционерското друштво ТЕЦ Неготино до подружниците РЕК Битола и РЕК Осломеј.

**4.** Владата го разгледа Барањето доставено од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за обезбедување простории за тимот од компонента 4 го прифати и даде согласност за отстапување на две работни простории за потребите на проектот „Поддршка на Европската Унија за владеење на правото во Република Северна Македонија“ - компонента 4.

**5.** Владата по Предлогот на Министерството за транспорт и врски, доставен под бр.02-3750/2 од 8 јуни 2021 година, за дополнување на заклучоците во врска со Информацијата за изготвување на Електронски картички (М-Смарт Кард) за патнички моторни возила на туристи од Република Србија кои би транзитирале на Коридор 10 за време на летната сезона (15.6.2021 година до 15.8.2021 година), усвоена на Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 мај 2021 година (бр.40-5794/1) Точка 92 и согласно расправата на седницата заклучи Заклучокот 1 да се измени и дополни со нов заклучок 1.1 и да гласи:

„1. Се задолжува Министерството за финансии да префрли средства во износ од 122.000.000,00 денари за набавка на 200.000 М- Смарт Кард на сметка на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

1.1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги исплати средствата од Заклучокот 1, во износ од 122.000.000,00 денари на сметка на Јавното претпријатие за државни патишта“.

**6.** Владата го разгледа Барањето на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за измена на Заклучок од 64-та седница, одржана на 6 април 2021 година, донесен по точка 107, го прифати и заклучи да се измени третиот заклучок од точка 107 и истиот да гласи:

„3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по извршените анализи од страна на професори од Институт за хемија - ПМФ, со кои ќе се утврди видот на сите материи со непознат хемиски состав, да достави информација до Владата со предлог-заклучоци за нивна дислокација и одлагање и/ или метод за уништување.“.

**7.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Заклучок од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија поврзана со постапка за избор на правен советник за постапката за доделување на концесија за вода за Црна Река (Чебрен) и ја усвои со следните заклучоци:

1) Ја избра понудата на Lexia avvocati од Италија.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да потпише договор за ангажирање на правни услуги во постапката за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од Црна Река.

**8.** Владата ја разгледа Информацијата за потреба од формирање на работна група ја усвои Информацијата и заклучи:

1) Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупција, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од три дена да донесе Решение за формирање на работна група во следниот состав:

- заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупција, одржлив развој и човечки ресурси,
- претседател на Врховен суд,
- основен јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција,
- министер за правда,
- директор на Агенција за управување со одземен имот,
- претседател на Судски совет на Република Северна Македонија,
- директор на Агенција за катастар на недвижности и
- директор на Централен регистар на Република Северна Македонија.

**9.** Владата ја разгледа Информацијата за овозможување содржина и емитување на македонски/албански јазик на Спорт клуб и Арена Спорт кои што реемитуваат програма во нашата држава, ја усвои и заклучи да и препорача на Агенцијата за електронски комуникации, како надлежно тело да формира работна група со релевантни институции и да пристапи кон изнаоѓање начин за спроведување на заклучокот за регулирање на јазичното покривање со официјален јазик на барем еден од каналите на Спорт клуб и Арена Спорт кои се реемитуваат на територијата на Република Северна Македонија преку сите јавни комуникациски мрежи кои ги реемитуваат и да ја извести Владата во рок од 3 (три) месеци за можноста за емитување содржина на македонски и албански јазик на Спорт клуб и Арена Спорт кои што реемитуваат програма во нашата држава.

**10.** Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави нов анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата.

## Точка 120

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари - март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 121**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јануари-март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 122**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, за периодот од 1 јануари 2020 до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 123**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Владино планирање Ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите“ во функција на надминување на утврдените состојби, како материјал за информирање.

**Точка 124**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на поврзување со Централниот регистар на население, како материјал за информирање.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвен Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 12-263/1 од 12.02.2018 година за извршена ревизија на успешност на тема „Квалитет на воздух – кооперативна ревизија, како материјал за информирање.

**Точка 126**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за април 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 127**

Владата го разгледа Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 128

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на учеството на Република Северна Македонија во програмите и агенциите на Унијата и искористеност на средства во 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 129

Владата го разгледа и усвои Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца, подготвен по предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со кој во период на користење на годишни одмори (јуни-август) на вработените во установите за згрижување и воспитание на деца, да се дозволи спојување на деца од различни воспитни групи и тоа групи до две годишна возраст и групи од две до десет годишна возраст, но бројот на деца во група не смее да биде поголем од 15 деца (во групи до две годишна возраст) и 20 деца (во групи од две до десет годишна возраст).

Притоа, воспитувачот кој во својата група ќе преземе деца од друга воспитна група истите ги евидентира на дневна основа и списокот го прикачува во дневниот оперативен план.

Согласно ова Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, која е составен дел од точка 1 од Дневниот ред.

## Точка 130

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 131

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 16.6.2021 година и притоа ги донесе следните заклучоци:
1. Ја усвои Информацијата во врска во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 16.6.2021 година.

2. Го овласти лицето Исмаил Лума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 16. 6.2021 година, со почеток во 10,00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

3. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА", и тоа по однос на точките:

1. Избор на Претседавач на Собранието;
2. Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници на акционери;
3. Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување (кворум) на Собранието на друштвото и
4. Избор на бројач/и на гласови.

4. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:

За точка 1. „Предлог-одлука за одобрување на Извештајот на ревизорот, заедно со Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работата на ЕВН Македонија АД Скопје за деловната 2020 година", да гласа „ЗА".

За точка 2 „Предлог-одлука за усвојување на Писмениот извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2020 година, подготвен од Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје", да гласа „ЗА".

За точка 3 „Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и на членовите на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје, да гласа „ЗА".

За точка 4 „Предлог-одлука за распределба на добивка остварена по Годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2020 година", да гласа „ЗА ".

За точка 5 „Предлог-одлука за избор на овластен Ревизор за деловната 2021 година на ЕВН Македонија АД Скопје" да гласа „ЗА".

За точка 6 „Предлог-одлука за одобрување на Консолидираната годишна сметка, Консолидираниот финансиски извештај со Извештајот од ревизорот и Консолидираниот годишен извештај за деловната 2020 година" да гласа „ЗА".

За точка 7 „Предлог-одлука за отповикување на членови на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје“ да гласа „ЗА“.

За точка 8 „Предлог-одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје“ да гласа „ЗА“.
За точка 9 „Предлог-одлука за определување месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје да гласа „ЗА“.

За точка 10 „Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на ЕВН Македонија Акционерско друштво за услуги Скопје бр.01-1213/1 од 26.6.2020 година“ да гласа „ЗА“.

**Точка 132**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 133**

Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година и согласно расправата на седницата го утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација во однос на институциите кои треба да добијат регрес на плата за 2021 година да го проверат соодветниот список на институции.

2. Да се обезбедат дополнителни 100.000.000,00 денари за потребите на ЈП Национални шуми.

3. Во буџетот на Владата на Република Северна Македонија да се обезбедат дополнителни 65.000.000,00 денари за зградата на Електрани на Северна Македонија.

4. Во буџетот на Владата на Република Северна Македонија да се обезбедат дополнителни 35.000.000,00 денари за microsoft лиценци.

5. Министерството за труд и социјална политика од Министерството за финансии да побара интерна пренамена на финансиски средства од делот „социјална“ во делот „детска“ заштита, согласно потребите на Министерството.

6. Министерството за правда од Министерството за финансии да побара интерна пренамена на финансиски средства помеѓу раздели од Министерството за правда во Управата за извршување на санкции, согласно потребите на Министерството.

7. Да се обезбедат дополнителни 25.000.000,00 денари во буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање за потребите на колекторскиот систем Охрид и Струга.

8. Од буџетот на Министерството за финансии дел „плати" да се намалат 10.000.000,00 денари.

9. Од буџетот на Владата на Република Северна Македонија во делот „правен тим на експерти" да се намалат 60.000.000,00 денари.

10. Од буџетот на Владата на Република Северна Македонија во делот „КОВИД Програма" да се намалат 50.000.000,00 денари.

11. Од буџетот на Владата на Република Северна Македонија во делот „финансиска поддршка на домашни претпријатија да се намалат 30.000.000,00 денари.

12. Пречистениот текст на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 134**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за извршување Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка и согласно расправата на седницата го утврди со следните заклучоци:

1. Членот 8-а од текстот на Предлогот на закон да се преформулира во насока вработените кај буџетските корисници на централната власт да имаат право на додаток на плата во висина од 30% од износот на основната плата, врз основа утврдени критериуми од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Правото на додаток од став 1 не се однесува на вработените во буџетските корисници од централната власт на кои им е утврдено право на додаток на плата со посебен закон.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за извршување Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен

секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготват и за наредната седница на Владата да достават соодветен предлог со цел операционализирање на новиот член 8-а од Предлогот на закон за дополнување на Законот за извршување Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка.

**Точка 135**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен такст на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија, ќе го парафира и потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на Министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

**Точка 136**

Владата го разгледа Извештајот со детални разработени информации околу наведените нафтени деривати увезени од 2018 година до 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 137**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности од страна на надлежните институции во врска со заклучоците од 71 и 75 седница на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со наводите објавени во јавноста од страна на Истражувачката репортерска лабараторија - ИРЛ за постоење на сомневање дека во одреден период во Република Северна Македонија биле увезувани токсични нафтени деривати, како материјал за информирање.

## Точка 138

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за заснovaњето на право на стварна службеност, во предложениот текст.

## Точка 139

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот завод за статистика и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот завод за статистика, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 140

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 141

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот на Министерството за надворешни работи за истакнати припадници на дијаспората, МКарта и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го спроведе проектот МКарта.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рамки на своите надлежности активно да учествуваат во проектот со тоа што ќе овозможат реализација на бенефициите кои што се предвидени во проектот.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рамки на своите

надлежности континуирано да придонесуваат кон проширување и подобрување на бенефициите кои би ги добивале имателите на МКарта.

## Точка 142

Владата ја разгледа Информацијата за меѓуресорска поделба на трошоците за одржување на меѓународната конференција Преспа Форум за дијалог, Охрид и Преспа/Отешево, 1-2 јули 2021 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, за потребите на реализација на Преспа Форумот за дијалог, да ги покрие трошоците од своја надлежност во делот на:

- користење на ВИП салони за официјалните делегации (формат 1+2) на Меѓународниот аеродром Скопје и Аеродромот Охрид, авионски билети за учесниците на ниво на експерти и панелисти, дел од трошоците за закуп на хотелски конференциски сали и други хотелски простории со техничка опрема, трошоци за преведувачи, пригодни подароци, трошоци за ангажирање на договорни компании за идејни решенија на настанот и дизајн, дополнителни трошоци за специјални гости кои доаѓаат со сопствени возила.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за потребите на Форумот, да обезбеди: хотелско сместување за учесниците на Форумот, возила (патнички возила, минивани/комби и автобуси) за превоз на делегациите на дестинации од Скопје до Охрид и Преспа и обратно, како и на локалните дестинации Охрид-Отешево и обратно, како и цветни аранжмани.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни активности за организирање на ручек/вечера во Охрид и Преспа како и финансиско покривање на трошоците за истите, согласно агендата на Преспа Форум за дијалог.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни активности во случај на потреба од ангажирање на владиниот авион за транспорт на високи учесници на Форумот.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за потребите на реализација на Преспа Форумот за дијалог, да ги покрие трошоците од своја надлежност како следи:

- дел од трошоците за закуп на хотелски конференциски сали и други хотелски простории со техничка опрема, целокупниот печатен промотивен материјал и ангажман за културна активност.

6. Се задолжува Министерството за здравство, за потребите на реализација на Преспа Форумот за дијалог, да обезбеди амбулантни возила за високи официјални делегации, согласно проценката и планот на Министерството за здравство.

**Точка 143**

Владата го разгледа Барањето на Андреас Трајковски Соренсен за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

**Точка 144**

Владата го разгледа Барањето согласност за префрлање на вишок средства од сметката за Наменски дотации на основниот буџет на Општина Битола за 2021 година (21.000.000,00 денари за финансирање на тековно - оперативни трошоци во Програмата Н1 - Основно образование), со Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот буџет на Општина Битола за 2021 година, донесена од Советот на Општина Битола и заклучи да даде согласност на истото.

**Точка 145**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведен Јавен повик за финансиска поддршка на: Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна; Останати услуги за подготвување и служење на храна; Подготовка и послужување на пијалаци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (средства во вкупен износ од 354.656.831,00 денари на две илјади и двесте и четири (2.204) правни субјекти регистрирани со приоритетна шифра на дејност: 56.10 Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна; 56.29 Останати услуги за подготвување и служење на храна; 56.30 Подготовка и послужување на пијалаци), во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**